Врз основа на член 22; член 36, став 1, точка 1, точка 2 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Одлуката за давање согласност за распишување јавен повик за проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изработка на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година бр.09-7197/13 од 17.10.2019 година, Општина Карпош распишува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за спроведување постапка за избор на правни лица (здруженија на граѓани и фондации) за изготвување и реализација на проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изработка на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за изготвување и реализација на проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изготвување и реализација на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година ќе се врши врз основа на критериумите и приоритетите дадени во овој повик, а се однесува на следните области:

- Заштита на животната средина, природата и енергетска ефикасност
- Локален економски развој
- Комунални дејности
- Култура
- Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на децата
- Образование
- Здравствена заштита
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив
- Еднакви можности меѓу жените и мажите

Средствата од Буџетот на Општина Карпош ќе се користат за финансирање на програмскиот дел на секторите во Општина Карпош, преку изготвување и реализација на активности на здруженија и фондации.
Здруженијата и фондациите треба да понудат креативен и иновативен проект со осмислени активности и содржини кои можат да се имплементираат во Општина Карпош.
Здруженијата и фондациите можат да аплицираат со најмногу еден предлог проект во секоја од наведените области.
Доколку Здруженијата и фондациите аплицираат со повеќе проекти во повеќе области, можат да бидат избрани само со еден проект и во една област.

**Предвидени средства**

За финансирање на понудените програмски активности во согласност со овој повик, ќе се користат средствата од Буџетот на Општината Карпош.

**Доставување извештај**

Здруженијата на граѓани и фондациите на кои ќе бидат одобрени и доделени средства во согласност со Програмите на Општина Карпош, имаат обрска да поштишат Договор со Општина Карпош за реализација на програмската активнсот и по реализација на своите програмски активности имаат обрска да достават извештај за користење на средствата до соодветните Сектори и до Советот на Општина Карпош.

**Основни критериуми**

Основни критериуми кои треба да ги исполнат здруженијата на граѓаните и Фондациите кои ќе учествутаа на овој повик се:

- Да се регистрирани зогласно Законот за здруженија и фондации
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес особено со активности од наведените области во овој повик.

**Потребна документација која Здруженијата/Фондациите треба да ја достават заедно со предлог проектот:**

1. Предлог Проект
2. Предлог за финансиска поддршка во соодветен формат

3. Статут на Здружението/Фондацијата
4. Решение за регистрација на Здружението/Фондацијата
5. Извештај за работа за предходната година
6. Референтна листа за изработени проекти (искуството на национално и меѓународно ниво ќе се смета за предност)

ЗАБЕЛЕШКА: Пријавите – Апликациите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Рок за поднесување на пријавите е 20 (дваесет) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Пријавата со целокупната документација да се достави преку преку архивата на општина Карпош на адреса: ул.Радика бр.9 (барака 2-архива) од 7:30 до 15:30 часот или преку пошта, со назнака на која област се однесува наведениот проект.

Здруженијата на граѓани и Фондациите кои ќе учествуваат по јавниот повик писмено ќе бидат известени за резултатите по истиот.

ОПШТИНА КАРПОШ